Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-87/3
__________ година
26-03-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-678/1 од 28.10.2024 година поднесена од од Куманово, со адреса на живеење на во Куманово, против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз од Куманово, сторена од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, а врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

**Образложение**

На ден 28.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") беше поднесена претставка заведена под архивски број 08-678/1 од страна на од Куманово, против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, (во понатамошниот текст: **МВР на РСМ**) за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

Во претставката и дополнувањето на истата подносителот наведе дека во текот на техничката влада пристигнала претставка од лице со иницијали во која се наведувало дека и била отпочната постапка за вработување и не била завршена по што Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (во понатамошниот текст: **ОВККИПС**) отворил предмет и по сите нивни собрани докази кои биле неважни и ирелевантни за предметната постапка пред Комисијата, му поднел кривична пријава на подносителот на претставката. Ова резултирало со негова суспензија од работа и му била изречена и дисциплинска мерка. Според наведеното, на овој начин на именуваниот му била нанесена материјална и лична штета по неговиот углед.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во согласност со член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 29.10.2024 година испрати Барање 08-678/3 за произнесување по наводите во претставката до Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

На 04.12.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е пристигнато Произнесување по наводите во претставка Рег. Бр. 14.2.2-892/27 од 11.11.2024 година од МВР на РСМ.

Во произнесувањето се наведува дека на ден 03.04.2024 година во Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди била добиена писмена претставка од лицето од Прилеп, дипломиран криминалист на Факултет за безбедност во Скопје, во која било наведено дека на 29.06.2023 година во просториите на МВР на РСМ заедно со уште неколку дипломци од истиот факултет оствариле средба со тогашниот министер за внатрешни работи и деканот на факултетот. На средбата им било кажано дека сите присутни дипломци ќе потпишат договр за вработување во министерството. Но, и покрај тоа што именуваната ги поминла сите фази предвидени со Закон за внатрешни работи за вработување, таа потпишала договор за работа и била известена дека нејзиниот веќе изготвен договор, потпишан од тогашниот министер, заведен во писарницата на министерството и доставен до СВР Битола заради негово врачување на лицето , бил повлечен од СВР Битола и вртен во министерството.

Од страна на Одделот била спроведена постапка заради утврдување на вистинитоста на наводите од претставката при што било утврдено дека на 24.07.2023 година за лицето од страна на Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси била започната постапка за вработување во МВР на РСМ

на начин што именуваната била упатена на лекарски преглед пред здравствена комисија на МВР во Поликлиника на МВР при ЈЗУ Здравствен дом Скопје. Исто така добиено било известување и од Министерство за финансии дека во буџетот на министерството за фискалната 2023 година биле обезбедени финансиски средства за вработување на именуваната, спроведено било полагање на тест за интегритет од страна на Центарот за обука и истата била повикана да потпише ијава дека не била член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија. Од причина што лицето успешно ги поминало сите фази од постапката за вработување во министерството, на начин што биле исполнети условите опфатени со член 66 од Закон за внатрешни работи, бил изготвен Договор за вработување на именуваната и истиот бил доставен на потпис на тогашниот министер. Потпишаниот договор бил архивски заверен со соодветен број и датум. По ова, на 27.10.2023 година на апликацијата "WhatsApp" од страна на тогашниот шеф на кабинетот на министерот – на телефонот на советникот од Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси кој ја водел постапката за вработување на именуваната, била пратена слика од договорот за вработување со насока истиот да биде повлечен, но со оглед да советникот не бил тој ден на работа, именуваниот доставил известувањето и напатствијата до началничката на Одделот.

Се наведува дека по целосно извршените проверки од страна на ОВККИПС, а по насоки на јавен обвинител од ОЈО за ГОКК била поднесена кривична пријава, како и поднесен предлог за водење на дисциплинска постапка против именуваниот и началничката на Одделот за правни работи и управување со човечки ресурси.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Се наведува дека кривичната пријава против именуваниот била поднесена заради постоење на основи на сомнение дека сторил кривично дело – "Повреда на правата од работен однос" затоа што во период на сторувањето на делото бил вработен во МВР на РСМ – Скопје на работно место "Шеф на кабинет" на министерот за внатрешни работи па како службено лице свесно не се придржувал кон Закон за внатрешни работи, а заради засновање на работен однос на лицето од Прилеп. Како се посочува во произнесувањето, членството во политичка партија за работниците во МВР на РСМ е забрането со Закон за внатрешни работи, конкретно член 168 од овој закон. Воедно во член 187 од истиот закон е предвидено дека членувањето во политичка партија, меѓудругото, претставува начин на потешко кршење на работниот ред и дисциплина. Крајно, се наведува дека со оглед на сето погоренаведено, со поднесувањето на кривичната пријава и водењето на дисциплинската постапка врз подносителот на претставката од страна на МВР на РСМ не е извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

На 22.11.2024 година Комисијата се обрати до МВР на РСМ со Барање број 08-678/4 за дополнителни податоци и од надлежното министерството го побара актот на дисциплинската комисија која постапувала и одлучувала во дисциплинска постапка водена против подносителот на претставката. На 06.12.2024 година од страна на министерството доставен е Допис Рег.бр. 20.1.2-132561/2 од 03.12.2024 година во кој се укажува дека дисциплинска постапка во рамки на министерството е уредена со глава X од Закон за внатрешни работи и глава IX од Колективен договор на МВР каде е утврдено дека дисциплинската постапка ја спроведуваат Одделенијата за дисциплински постапки. Во прилог – Доказ, доставено е Решение за изрекување на дисциплинска мерка "распоредување на работно место во едно ниво пониско од работното место на кое дотогаш работел, согласно Класификација на работните места".

**По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:**

Подносителот на преставката, од Куманово во период од 2017 година до почеток на 2024 година бил шеф на кабинетот на министерот за внатрешни работи, а во периодот од почетокот на 2024 година до средината на истата година бил дел од техничката влада како дополнителен заменик министер за внатрешни работи. Од страна на лицето против именуваниот била поднесена претставка до Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди кој утврдил дека од страна на именуваниот во период додека извршувал работни задачи – Шеф на кабинет на министерот за внатрешни работи, свесно не се придржувал кон одредбите од закон поврзани со засновање на работен однос па на подносителката на претставката и повредил, одзел или ограничил право што и припаѓало. Наведеното од причина што откако лицето успешно ги поминало сите фази од постапката за вработување во министерството што резултирало со потпишан договор за вработување, соодветно заверен од страна на


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

министерството, именуваниот преку апликација "WhatsApp" дал насоки овој договор да се повлече. Следствено, против него спроведена е дисциплинска постапка и изречена дисциплинска мерка, а по насоки на јавен обвинител од ОЈО за ГОКК поднесена е кривична пријава.

Имено, во согласност со **член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација** "*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*" Во **член 8 став (1) од истиот закон пак** уредено е дека: *„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Во смисла на наведеното, во конкретниот случај Комисијата утврди дека не е сторена директна дискриминација врз лицето од Куманово врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Ова со оглед да од прибавениот доказен паметријал не може да се констатира дека подносителот во конкретниот случај бил ставен во понеповолна положба во однос на друго лице поради негова заштитна карактеристика, дискриминаторска основа, во неговиот случај политичката припадност.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
24.03.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Флора Кадриу

Доставено до:

- Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
  Ул. Димче Мирчев, бр. 9, Скопје
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk